РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 04-25/1
04.01.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Градоначалник на Општина Валандово

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на директор на Јавното претпријатие**
**„Комунален сервис“-Валандово**

Од кандидатите се бара да ги исполнуваат следните услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност;
- Да има минимум пет години работно искуство;
- Да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - налмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Заинтересираните кандидати потребно е да достават доказ за исполнување на условите, мотивациско писмо, лична биографија (CV) и предлог програма за работа и развој на претпријатието.

Селекцијата на кандидатите ќе се изврши по спроведена постапка за интервју.

Рокот за пријавување е три дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во јавните гласила.

Пријавите со потребната документација се доставуваат на адреса: Градоначалник на Општина Валандово ул.„Иво Лола Рибар“ бб.
со назнака: По Јавен оглас за директор на ЈП „Комунален сервис“ .

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ВАЛАНДОВО